

ЗАПОЧНЕТЕ СОПСТВЕН ИНТЕРНЕТ БИЗНИС

# Македонија не е изолиран пазар

*Доколку имате компјутер и интернет врска, можете уште веднаш да го започнете вашиот електронски бизнис. Кога е Интернетот во прашање, само небото е граница. Продавајте македонско вино во Лондон, кинески скутери во САД, или, пак, рекламен простор ширум светот. Ако сте талентирани, креативни и упорни, можеби ќе успеете да изградите вистинска Он-Лине империја или ќе креирате само профитабилен семеен бизнис. Доколку сте вработени, слободното време искористете го да остварите дополнителни приходи или, едноставно, уживајте во вашето ново лукративно хоби*

**Пишува: м-р Златко Бежовски**
**zbezovski@yahoo.com**

Интернет малопродажбата во САД, во 2006 порасна за 25,9 насто во однос на 2005 година и достигна рекордни 136 милијарди американски долари. Порастот од над 20 насто е континуиран последните неколку години, а се очекува растот да продолжи со несмалено темпо и во текот на годинава.

Брз пораст на он-лине продажбата е забележан и во другите развиени земји, а притоа најголем пораст се очекува во Италија и Шпанија, и тоа од над 30 проценти на годишно ниво.

Освен Он-лине малопродажбата, која претставува движечки сегмент во електронскиот бизнис, последниве години се бележи експанзија и на големопродажбата, каде што се повеќе компании се одлучуваат набавките да ги остваруваат електронски. Како резултат на сето тоа, се поголеми пари се вртат и во Интернет рекламирањето, како и во другите он-лине услужни дејности.

Кога говориме за перспективите на електронскиот бизнис во Македонија, може често да се сретнат коментари од типот дека имаме скап интернет пристап, дека пазарот е мал, дека сите потребни предуслови за он-лине продажба не се оформени и т.н. Ваквите забелешки се точни, но само доколку Македонија ја разгледуваме како изолиран пазар. Во спротивно, токму Интернетот претставува алатка која ширум ги отвора можностите за продажба и настап на глобално ниво на македонските фирми, како и на потенцијалните Интернет претприемачи.

Македонија како и во многу други области заостанува зад светските случувања, но сепак, постојат мал број ИТ фирми и претприемчиви индивидуи, кои успеваат да ги искористат предностите на Интернетот и да ги пласираат своите производи и услуги на светскиот пазар или на некој друг начин да остварат он-лине приходи.

Светските искуства, можностите што ги нуди Интернетот, како и позитивните примери во Македонија, говорат дека сепак постојат реални услови да се започне Он-лине бизнис и од страна на македонските фирми и претприемачи. Се што треба да се направи, е да се покаже поголема иницијатива и да се преземат конкретни активности во таа насока.

Интернетот како виртуелна средина овозможува еднакви услови за сите учесници во електронскиот бизнис, без разлика на физичката оддалеченост од целниот пазар. Единствено, предност имаат оние кои се подолго време присутни во бизнисот и стекнале искуство и знаење.

Доколку ги избереме САД како целен пазар за он-лине продажба на нашите физички производи, би било крајно нерационално да направиме систем каде што производот директно од Македонија ќе го доставуваме до крајниот корисник. На тој начин, цената на производите драстично ќе се зголеми, со што автоматски ќе станат неконкурентни, т.е. прескапи на тој пазар. Решение за ваквиот, навидум, нерешлив проблем, е користењето услуги на специјализираните интернет дистрибутери во САД, кои успеваат да постигнат цени и до пет долари за испорака на помали пратки насекаде во САД. Покрај дистрибуцијата, и други потребни дејства за извршување на трансакцијата може да се доверат на специјализирани партнери од таа област, како што е, на пример, и наплатата.

Клучното прашање што треба да се постави при евентуалната продажба на физички производи е – дали се тие доволно квалитетни и со прифатливи цени за да се постигне успех при нивната он-лине продажба на развиените странски Интернет пазари.

Сепак, продажбата на опипливи производи е само еден начин да се остварат приходи преку Интернет. Постојат и други начини преку кои може да генерираат приходи преку глобалната мрежа и за нив ќе говориме следната седмица.

Да се креира и води Интернет бизнисот не е едноставно, меѓутоа доколку не се започне, не може да се успее. Евентуалниот неуспех би значел мали загуби поради ниското потребно ниво на иницијална инвестиција, додека од друга страна, доколку се погоди „златна жица", релативно лесно може да се остварат задоволителни профити, без разлика дали се наоѓате во САД, Македонија или на било кое друго место на Земјината топка.

**(следниот четврток:**
**- Форми на Интернет приходи)**